Агенцијата за вработување во рамките на проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, финансиран од страна на Оперативната програма за “Развој на човечки ресурси 2007-2013“(ИПА Компонента IV) , а врз основа на Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување за 2016 година го објавува следниот:

**Отворен јавен оглас**

**За невработени лица за учество во мерката**

**„Обуки кај познат работодавач”**

Се повикуваат евидентираните невработени лица (активни баратели на работа), кои се заинтересирани да се вклучат во мерката „Обуки кај познат работодавач“ со можност за вработување по завршена 3(три) месечна обука согласно утврдена програма за обука од страна на работодавачите.

Невработените лица треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- Да се регистрирани како активни баратели на работа во Агенцијата за вработување на Република Македонија;
- Да се со завршено основно или средно образование согласно потребите на пазарот на трудот;

Избраните кандидати ќе поминат тримесечна обука. Обуката на невработените лица ќе се спроведува во работните простории на работодавачите, согласно Програма за обука предложена од страна на работодавачите.

За секој кандидат кој ќе биде избран и вклучен во програмата за обука, се предвидува паричен надоместок (трошоци за храна и превоз) во износ од 5.043,00 денари месечно по практикант (со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување во износ од 645,00 денари и персонален данок на доход од 560,00 денари) од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Соодветните заинтересирани кандидати ќе бидат избрани од страна на евалуациска комисија според потребите и барањата на работодавачите.

Заинтересираните невработени лица за овој оглас можат да поднесуваат пријави континуирано во текот на целата година во текот на работното време од **8:30 – 16:30, секој работен ден.**

Поконкретни услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на Република Македонија, работодавачите и кандидадите.

Пред потпишување на договорите работодавачите ќе бидат одговорни за потпишување на изјава со која се потврдува дека не постои конфликт на интереси во однос на лицата кои ќе учествуваат во програмата.

За подетални информации ве молиме посетете ги работните клубови во рамките на Центрите за вработување, како и следниве веб страни:

- Агенција за вработување: www.avrm.gov.mk;
- Министерство за труд и социјална политика: www.mtsp.gov.mk;